РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка" бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 09-2332/1
28.09.2026

Врз основа на Правилник за остварување на еднократна парична помош на еднородителски семејства, деца без родители и семејства на самохрани родители бр.09-1847/1 од 24.09.2024 година и Правилник за измена на Правилникот за остварување на еднократна парична помош на еднородителски семејства, деца без родители и семејства на самохрани родители бр.09-1696/1 од 25.06.2025 година, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го објавува следниот:

ЈАВЕН ПОВИК

Општина Македонска Каменица застапувана од Градоначалникот Соња Стаменкова упатува Јавен повик до еднородителски семејства, деца без родители и семејства на самохрани родители, за доставување на барање за финансиска помош од Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2026 година.

За остварување на финансиската помош од Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2026 година, потребно е да се достави барање до Општина Македонска Каменица со следните документи во прилог:

-Фотокопија од важечка лична карта (или фотокопија на извод од матична книга на родени доколку се работи за малолетни лица);

-Потврда од Министерство за труд и социјална политика за деца без родители и самохрани родители;

-Изјава заверена кај Нотар за еднородителски семејства;

-Потврда за примена плата во последните три месеци пред поднесување на барањето (или чек од последната пензија);

-Потврда од АВРМ, за невработени членови на семејството;

-Доказ од Управа за јавни приходи, на пријавени или остварени приходи (лични и за членовите на потесното семејство) за претходната година;

-Фотокопија од трансакциска сметка.

Јавниот повик се однесува за лица жители на Општина Македонска Каменица.

Потребната документација може да се достави до **Архива** на Општина Македонска Каменица (соба бр.1) или на е-адресата на Општина Македонска Каменица **opstina@makedonskakamenica.gov.mk** во рок од 15 дена сметано од денот на објавувањето на Јавниот повик.

Општина Македонска Каменица
Градоначалник
Соња Стаменкова

Изготвил: Васко Десподовски